КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01 - 382
21.03.2018 год.
СКОПЈЕ

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА
# НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Февруари, 2018

-пречистен текст-

Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

Број
24 февруари, 2018
Скопје

Врз основ на член 109 точка (6) од Законот за градење (Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 30/2016, 31/2016 ,71/2016 и 132/2016), член 12 точка 6 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, и измените во Деловникот за работа на Собранието на Комората, усвоени на седницата на Собранието на Комората одржана на 24.2.2018, во прилог ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ од:

# ДЕЛОВНИК
за работа на Собранието на Комората
на овластени архитекти и овластени инженери

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Деловник се уредуваат начинот и правилата на работа на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст: Собрание на Комората), како и начинот на свикување, одржување и одлучување на седници на Собранието на Комората.

**Член 2**

Одредбите од овој деловник се однесуваат и се применуваат за сите присутни на седницата на Собранието на Комората.

## II КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОБРАНИЕ НА КОМОРАТА

**Член 3**

Седниците на Собранието на Комората ги свикува претседавачот на Комора на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст: Комората).

Собранието на Комората од став 1 на овој член работи на седници според дневнен ред што го предлага претседавачот на Комората.

Собранието на Комората го сочинуваат 75 избрани представиници од професионалните одделенија на Комората избрани согласно статутот на Комората.

**Член 4**

Собранието на Комората се смета за конституирано со денот на свикување на првата седница на која присуствувале мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието на Комората, чии мандати се верификуваат пред почетокот на конститутивната седница, како и со со избор на претседавач со мандат од две години.

По извршениот избор, новоизбраниот претседавач го презема претседавањето со седницата на Собранието на Комората.

**Член 5**

На конститутивната седница Собранието на Комората од редот на своите членови избира заменик на претседавач на Собранието на Комората со мандат од две години.

**Член 6**

Со денот на конституирањето на Собранието на Комората почнува да се засметува мандатот на членовите на Собранието на Комората во траење од четири години, односно до избор на нови членови.

По престанокот на мандатот на членовите на Собранието на Комората ( со распуштање или со истекување на рокот на кој се избрани), членовите на Собранието на Комората продолжуваат со извршување на своите должности и овласување до конституирање на новиот состав на Собранието на Комората.

Мандатот на членовите на Собранието на Комората од претходниот состав престанува со конституирање на новиот состав на Собранието на Комората.

**Член 7**

На член на Собранието на Комората, мандатот му престанува:

1. ако писмено побара бришење од Именикот на овластени архитекти и овластени инженери што го води Комората,
2. ако му е изречена дисциплинска мерка забрана за вршење на дејност во траење од најмалку шест месеци,
3. ако му престанал статусот на овластен архитект, односно овластен инженер,
4. ако му е, со дисциплинска постапка, изречена мерка за бришење од Именикот на овластени архитекти и овластени инженери или престанување на членството во Комората,
5. ако даде оставка,
6. ако е разрешен од должност,
7. ако му престане статусот на државјанин на Р. Македонија,
8. во случај на смрт.

Во случај кога ќе се исполни некој од условите за престанок на мандатот на член Собранието на Комората, одлука за престанок на мандатот донесува Собранието на Комората на првата наредна седница.

## III ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

**Член 8**

Членот на Собранието на Комората има право и должност:

- да учествува во работата на седници на Собранието на Комората, за истите да расправа и одлучува,

- да поднесува предлози и поставува прашања,
- да бира и да биде биран во телата на Собранието на Комората.

**Член 9**

На членот на Собранието на Комората достапни му се сите службени материјали, документи и податоци кои се подготвуваат или собираат во работните тела на Комората, а кои се однесуваат на теми за кои се расправа на Собранието на Комората.

Материјалите, документите и податоците од став 1 на овој член можат да бидат достапни на членовите на Собранието на Комората и во електронска форма.

## IV СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

*1. Свикување на Собранието на Комората*

**Член 10**

Редовна седница на Комората се свикува и оддржува најмалку еднаш годишно.

Седницата на Собрание на Комората по правило ја свикува Претседавачот.

По исклучок, заради итно решавање на одредени прашања, седница на Собранието на Комората може да свикаат: претседателот на Комората, подпретседателот на Комората, Управниот одбор, најмалку ¼ од членовите, или едно професионално одделение на Комората

Кога овластениот предлагач/и од став 2 на овој член поднесе/поднесат писмено барање за свикување на вонредна седница на Собранието на Комората, Претседавачот е должен да свика вонредна седница на Собранието на Комората најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на писменото барање за свикување вонредна седница на Собранието на Комората.

*2. Покана за седница*

**Член 11**

Поканата за седница на Собранието на Комората се упатува до членовите најдоцна десет дена пред денот на оддржување на седницата на Собранието на Комората.

Поканата од став 1 на овој член се доставува и по електронски пат.

Во поканата за седницата на Собранието на Комората се наведува предлог на дневниот ред на седницата, место на одржување и почеток на седницата.

Покрај поканата за седницата на Собранието на Комората, на членовите им се доставуваат и материјали по точките од дневниот ред.

*3. Оддржување на седница по писмен пат*

**Член 12**

Седница на Собранието на Комората може, по исклучок, кога тоа го бара итноста на донесување на акти или известување, да се оддржи по писмен пат без свикување.

На членовите на Собранието на Комората им се доставува предлог материјал и лист за изјаснување заверен со печат на Комората на кој се наведува името на метеријалот за кој се изјаснува и текст за изјаснување :"за" предлог, "против" предлогот и "воздржан" од предлагање.

Рокот за враќање на листот за известување по писмен пат не може да биде подолг од 7 дена од денот на доставување на истиот.

За начинот на одржување на седницата на Собранeто на Комората, одлука донесува Председавачот.

**Член 13**

Изјаснувањата по писмен пат се доставуваат до Собранието на Комората преку секретаријатот на Комората, каде што се врши пребојување на листовите.

Резултатите од гласањето за донесување на предложената одлука по пат на записник ги објавува председавачот на Собранието на Комората и за тоа ги известува членовите на Собранието на Комората.

*4 . Кворум*

**Член 14**

Пред почетокот на седницата на Собранието на Комората, членовите се евидентираат со потпишување во списокот на присутни што го води записничар што се бира од стручната служба на Комората. Врз основа на евиденцијата, Претседавачот на собранието го утврдува кворумот за работа и одлучување по точките од дневниот ред на седницата.

Собранието на Комората полноважно одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови, а одлуките се сметаат за донесени ако за нив гласало мнозинството од присутните, ако со Статутот на Комората не е поинаку утврдено.

**Член 15**

По отварањето на седницата и утврдувањето на кворумот, Претседавачот дава потребно објаснување во врска текот на седницата и ги запознава членовите со одредени претходни прашања.

*5.Тек на седницата*

**Член 16**

Предлог дневниот ред за седницата на Собранието на Комората го доставува Претседавачот на Собранието на Комората. Управниот одбор на Комората може да поднесе предлог дневен ред до Претседавачот на Собранието на Комората.

Дневниот ред на седницата на Собранието на Комората се утврдува на почетокот на седницата со мнозинство гласови од присутните членови.

Претседавачот е должен да предложи дополнување на дневниот ред на самата седница ако тоа написмено го побара една четвртина од членовите на Собранието на Комората.

**Член 17**

Во случај претседавачот да биде спречен да присуствува на седницата на Собранието на Комората, неа ја води заменикот на претседавачот.

На седницата на Собранието на Комората, покрај членовите може да присуствуваат и сите оние кои се поканети од претседавачот или од претседателот на Комората.

На Собранието на Комората може да се обратат и лицата кои се поканети да присуствуваатна седницата.

### Член 18

По утврдувањето на дневниот ред и прифаќањето на записникот од предходната седница се преминува кон расправа по точките од дневниот ред и тоа по редоследот како што се утврдени во дневниот ред.

По исцрпувањето на расправата за точката од дневниот ред се пристапува кон одлучување.

Одлуката или заклучокот ја формулира Претседавачот, по што членовите се изјаснуваат со дигање на рака "за" предлог, "против" предлогот и "воздржан" од предлагање.

### Член 19

На седницата, се расправа по добивањето на збор од страна на претседавачот.

Правото на учество во расправата го одобрува претседавачот според редоследот на пријавувањето.

Лицето на кое му е даден збор може да зборува само за тема за која се расправа согласно утврдениот дневен ред. Ако говорникот се оддалечи од темата на дневниот ред, претседавачот на Комората ќе го опомене да се држи до дневниот ред. Ако говорникот и после вториот повик не се држи на темата на дневниот ред, председавачот ќе му го одземе зборот и правото на понатамошното учество во расправата по точката од дневниот ред.

### Член 20

Председавачот ја заклучува расправата на седницата кога ќе утврди дека нема повеќе пријавено за збор по точките од дневниот ред.

Председавачот ја заклучува седницата, по правило, кога ќе се исцрпи утврдениот дневен ред на седницата.

*6. Одлагање и прекин на седница на Собрание на Комора*

### Член 21

Свиканата седница на Собранието на Комората може да се прекине кога настанат причини кои го оневозможуваат нејзиното понатамошно одржување.

За причините за прекин председавачот ги известува членовите на Собранието на Комората.

### Член 22

Седницата на Собранието на Комората може да се прекине кога не е присутен потребен број членови-немање кворум.

Седницата на Собранието на Комората може да се прекине во случај кога по одредени точки од дневниот ред нема доволно материјал за валидно одлучување.

Прекинатата седица на Собранието на Комората мора да се продолжи најкасно во рок од 7 дена од денот на прекинот.

Ако прекинатата седница на Собранието на Комората не продолжи во рокот од став 3 на овој член, се свика нова седница, а сите одлуки кои биле донесени на прекинатата седница се сматраат за донесени и правосилни.

*7. Одлучување*

### Член 23

Одлука на Собрание на Комора се смета за донесена ако за неа гласале мнозинството од присутните членови.

Во случај кога на седницата ќе се даде амадман по некоја од точките, претседавачот, најпрвин го става на гласање амадманот. Амадманот се смета за усвоен ако за него гласале мнозинството од присутните членови на седницата.

Член на Собранието на Комората своето право за работа во собранието на комората го остварува лично, без право да се користи полномошно.

### Член 24

Гласањето на седницата е јавно, а се спроведува со дигање на рака или со поименично гласање (изјаснување).

Поименично гласање се спроведува кога тоа ќе го побара Претседавачот или мнозинството од присутните членови на Собранието на Комората.

Гласањето со дигање на рака се спроведува на начин кога Председавачот повикува на изјаснување кој е "за" предлогот, понатака кој е "против" предлогот и кој е "воздржан" од гласањето.

Дневниот ред на Собранието на Комората се утврдува со гласање "за" или "против" предлогот на дневниот ред.

Поименично гласање се спроведува така што секој повикан член на Собранието на Комората се изјасни дека е "за" предлогот, дека е "против" предлогот, односно дека е "воздржан" од предлогот.

Членовите на гласање ги повикува и ги брои гласовите секретарот/записничарот на Комората.

После гласањето Преседавачот утврдува дали одлуката добила мнозинство на гласови од присутните членови од Собранието на Комората и го објавува резултатот од гласањето.

### Член 25

На седницата може да се одлучи да се спроведе тајно гласање. Тајното гласање се спроведува при избор на: претседател на Комората и претседавач на Собранието на Комората кога бројот на предложените кандидати е поголем од бројот кој се бара.

Тајното гласање го спроведува тричлена комисија. По службена должност секретарот на Комората е член на Комисијата, а преостанатите два члена се избираат на самата седница од редот на членовите кои не се истакнати како кандидати во предметот на гласањето.

Гласачките ливчиња се со еднакви големини, боја и облик и се заведени со печат на Комората. На гласачките ливчиња, лицата што се избираат се подредени според азбучен ред на презимињата.

На членовите на Собранието на Комората по список им се предаваат гласачките ливчиња. Членот на Собранието на Комората може да гласа само со едно гласачко ливче и тоа само еднаш. Се гласа со заокружување на редниот број пред презимето и името пред кандидатот за кој се гласа.

После завршеното гласање Комисијата ги пребројува гласачките ливчиња по што јавно ги изнесува резултатите од тајното гласање, при што објавува колку од членовите на Собранието на Комората добиле гласачки ливчиња, колку од нив гласале, колку има неважечки гласачки ливчиња и колку од членовите на Собранието на Комората гласале за секој од предложените кандидати.

Врз основа на резултатите презентирани од Комисијата од став 2 на овој член, Председавачот го прогласува кандидатот кој е избран.

*8. Записник*

**Член 26**

За работата на седницата на Собранието на Комората се води записник.

Записникот од став 1 на овој член го води записничар кој се избира за секоја седница.

Во записникот се внесуваат следниве податоци: број на седница, место и времетраење на седницата, присутни и отсутни членови, присутни други поканети лица, дневен ред и во куси црти дискусија и заклучокот, одлуката или мислењето што се донесени по соодветните точки од дневниот ред.

Секој член на Собранието на Комората има право на почетокот на седницата да даде забелешки на записникот од предходната седница.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без расправа. Ако забелешките се прифати ќе се направи соодветна измена во записникот.

Записникот се усвојува во предложениот текст ако по него нема забелешки или дополнет со забелешките дадени на седницата.

За записникит се гласа и доколку за него се изјасниле мнозинството од присутните членови на седницата на Собранието истиот се смета за усвоен.

Записникот по усвојувањето го потпишуваат Претсдавачот и записничарот. Записникот со материјалите од дневниот ред и актите донесени на седницата се чуваат кај секретарот и во архивата на Комората.

**Член 27**

Седницата на Собранието на Комората тонски се снима доколку за тоа постојат технички услови.

Генералниот секретар на Комората е должен на членовите на Собранието на Комората, на нивно барање, да им овозможи увид во преписот на тонските снимки на седницата.

*9. Одржување на ред на седницата*

**Член 28**

Редот на седницата на Собрание на Комората го спроведува Претседавачот.

За повреда на редот на седницата Претседавачот може да ги изрече следниве мерки: опомена и опомена со одземање на збор.

## V АКТИ НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

**Член 29**

Актите што ги донесува Собранието на Комората се објавуваат во службеното гласило на Комората и на интернет страницата од Комората.

**Член 30**

Председавачот ги подпишува актите кои се донесени на Собранието на Комората.

На оригиналните акти се става печат на Комората.

Под оригинален акт се подразбира онај текст кој е донесен на седницата на Собранието н Комората.

Оригиналниот акт се чува во секретаријатот на Комората.

*1. Амандмани*

Член 31

Предлог за измена или дополна на предлог на актот кој е предмет на расправа на седницата на Собранието на Комората, се поднесува писмено во облик на амандман со образложение.

Право на поднесување на амандман има секој член на Собранието на Комората.

Амандманот се доставува до Претседавачот, преку секретаријатот на Комората, најдоцна осум дена пред одржувањето на седницата на Собранито на Комората со цел да се достави на сите членови на Собранието на Комората пред одржување на седницата.

Член 32

Ако поднесените амандмани се од таква природа битно да го менуваат текстот или отстапуваат од предлогот на актот, Собранието на Комората може да одлучи расправата да се одложи со цел на членовите да им се остави доволно време за проучување пред одлучувањето.

На предлог на Председавачот усогласувањето за изјаснување за поднесените амандмани може да се спроведе и со формирање на посебна комисија која ќе ги разгледа предложените амадмани и ѓе даде предлог за нивно прифаѓање или одбивање.

Ставовите во име на комисијата од став 2 на овај член на седницата на Собранието на Комората ги изнесува избран известувач во име на комисијата.

Член 33

Амандманите усмено ги образлага нивниот предлагач.

Ако со поднесените амандманите се согласи предлагачот на актот на кој се однесуваат, тогаш за амандманите не се гласа и тие стануваат составен дел на актот.

За амандманите се гласа според редоследот на поднесување, а ако се поднесени повеќе амандмани со слична содржина, се гласа само за првиот од нив.

Ако се расправа за повеќе амандмани кои меѓусебно се исклучуваат, а се однесуваат на исто прашање се прифаќа амандманот кој последен е поднесен.

Член 34

Амандманот прифатен на седницата на Собранието на Комората станува составен дел на актот за кој е одлучено.

*2. Службено толкување на актите на Собранието на Комората*

Член 35

Секој член на Комората може да даде предлог за службено толкување на Статутот на Комората, Кодексот на професионалната етика како и другите акти донесени од Собранието на Комората.

Член 36

Предлогот за давање службено толкување на актот кој е донесен од Собранието на Комората се поднесува до Председавачот, а предлогот мора да го содржи име на актот, дознака на одредбите за кои се бара толкување и причина за тоа.

Председавачот го упатува предлог за давање службено толкување до Комисијата за законодавство на Комората поради оценка на неговата основаност.

Ако се утврди дека предлогот е основан, Комисијата за законодавство на Комората ќе го утврди предлог текстот за автентично толкување по што се поднесува до Собранието на Комората. За неоснованоста на предлогот за службено толкување, председавачот, на предлог на Комисијата за законодавство ќе достави писмено објаснување до барателот на автентичното толкување.

## VI ИЗБОР И ИМЕНУВАЊЕ

### Член 37

Постапката за избор на председател на Комората, членовите на Управниот одбор на Комората, три члена на Надзорниот одбор на Комората и четири члена на Одборот за упис, уредена е со посебен правилник за избор.

Постапката со која Собранието на Комората именува арбитри на Арбитражниот суд на Комората, претседател и членови на Дисциплинската комисија, претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби од втор степен, е уредена со посебен правилник за избор.

## VII ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕ НА КОМОРАТА

### Член 38

За работата на Собранието на Комората со донесените одлуки и прашањата за кои се расправало на седниците на Собранието, членовите на Комората и пошироката јавност се известуваат преку службеното гласило на Комората и интернет страницата на Комората.

## VIII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 39

Овај деловник влегува на сила со денот на негово донесување.

Деловникот се објавува на веб страната на Комората.

Председавач на Собранието на Комората

Проф. д-р Миле Станковски